




ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
ПРЕСПА
www.aber.net.mk
АВТО+
граѓански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МакСпортНет
najdi.org.mk/blog
On.net
ВРЕМИН
Southeast European Times
Telekabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

# ОТВОРЕНА

## ПИСМА

### Црквата ќе го дополни хаосот од стилови на плоштадот

Не сум против обновување и изградба на цркви и манастири, токму спротивното. Против сум да се гради црква на плоштадот во Скопје, од подолу посочените причини. Предлагам да се изгради далеку поголема црква од таа што се планира, на празниот простор од левата страна на реката Вардар. Тој простор служеше како автобуска станица за приградските населби, а сега е празен и се наоѓа помеѓу црквата Пресвета Богородица и Македонскиот народен театар.

Прво, на просторот помеѓу Стоковната куќа и „Дал Мет Фу", нема доволно простор за да се изгради голем христијански храм. Второ, ако се изгради црква на овој мал простор, ќе се затвори улицата, која води кон плоштадот Пела, а ќе се блокира влезот кон Градскиот трговски центар. Трето, секој објект што треба да се изгради треба да биде во некаква урбанистичка корелација со другите објекти. Стоковната куќа е градена во соц-реализам, зградата во која се наоѓа „Дал Мет Фу" е градена во стил медитеран, Ристиќевата палата е градена во стил романтизам - класицизам. Ако се изгради црква во наш традиционален македонски стил, ќе стрчи и дополнително ќе го нагрдува, веќе воспоставениот хаос на стилови на плоштадот.

Овие денови се објавува оглас од партијата ВМРО-ДПМНЕ, во кој се дава поддршка за изградба на црква на Плоштадот во Скопје, и се даваат фотографии од плоштадите на европски градови. Морам да констатирам дека тие што ги објавуваат фотографиите не можеле да видат дека сите овие цркви на погоренаведените плоштади, се градени во ист архитектонски стил во каков што се и другите објекти на тие плоштади. Во кој стил ќе биде црквата на Плоштадот и како ќе се вклопи со другите објекти, во овој оглас не се наведува. Воедно не можам да се сложам и со ставот, дека партијата ги добила изборите, покрај другото и затоа што во програмата ветила изградба на цква. Партијата ги доби изборите, затоа што на граѓаните им вети подобар живот. Од друга страна, во програмата „Преродба во 100 екори" стои дека партијата ќе се залага за обнова и реновирње црковни објекти, а не за изградба на нови цркви.

*Владимир Стефановски*

**Не' малтретираат додека чекаме за визи**

Ова го пишувам како протест од односот што ние како Македонци го трпиме по амбасадите, чекајќи визи. Моето искуство од бугарската амбасада е негативно. Аплицирајќи за виза со сите потребни документи за дводневен семинар од едукативен карактер, бев подложена на еден потценувацки однос, небаре сум криминалец. По мојот приговор за начинот на кој бев испрашувана, документите на груб начин ми беа вратени без да аплицирам. Овој однос нам ни се случува постојано, секому, и во други амбасади. Редно е јавно да проговориме против лошиот начин на кој сме третирани, без никаков респект кон правата на другиот и основното право да се чувствуваме достоинствено.

*Авторот е познат на редакцијата*